**УСТАВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д

**за работата на Уставниот суд**

**за 2021 година**

**Скопје, февруари 2022 година**

## СОДРЖИНА


**I. ВОВЕД** ..................... 3

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ** ..................... 5

**II.1. Примени предмети** ..................... 5

**II.2. Решени предмети** ..................... 8

А. Решени предмети во кои биле оспорени закони ..................... 9

Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти ..................... 9

В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права ..................... 10

Г. Решени предмети за решавање на судир на надлежност ..................... 10

**II.3. Нерешени предмети** ..................... 11

**II.4. Траење на постапката пред Уставниот суд** ..................... 11

**III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** ..................... 12

**IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО** ..................... 17

**1. Интервентни одлуки на Судот** ..................... 17

1.1. Одлуки за укинување на закони ..................... 17

1.2. Одлуки за укинување на други прописи и општи акти ..................... 19

**2. Решенија за неповедување на постапка** ..................... 21

**3. Барања за заштита на слободи и права** ..................... 29

**4. Издвоени мислења** ..................... 35

**V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ** ..................... 36

**VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ..................... 36

**VII. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ** ..................... 39

**VIII. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО СУДОТ** ..................... 44

**IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА** ..................... 46

# I. ВОВЕД

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2021 заклучно со 31 декември 2021 година, својата функција ја извршуваше во рамките на надлежностите утврдени во членот 110 од Уставот според кој Судот:

- одлучува за согласноста на законите со Уставот;
- одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;
- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и
- одлучува за други прашања утврдени со Уставот.

При извршување на работите од својата надлежност Судот, покрај квалитетот, ја обезбеди и потребната ефикасност и ажурност во своето работење.

Судот во текот на 2021 година одржа 37 седници, 3 (три) подготвителни седници по предметите во кои е оспорен Преспанскиот договор и во кои е оспорен Законот за употреба на јазиците, предметите во кои е оспорен Законот за Јавното обвинителство и по предметот У.бр 14/2021 во кој беше оспорен Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, 4 (четири) јавни расправи по барањата за заштита на слободи и права по предметите У.бр.171/2020, У.бр.283/2020, У.бр.52/2020 и У.бр.66/2021 и оствари неколку консултативни разговори со учесници во постапката и други заинтересирани лица согласно член 18 став 4 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

На седницата на Судот одржана на 18 март 2021 година, беше донесен и Деловникот за изменување на Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/2021 од 22 март 2021 година.

На седницата одржана на 26 мај 2021 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија за претседател на Уставниот суд ја избра судијата Добрила Кацарска, која стапи на оваа должност на 2 јуни 2021 година.

Поради истекот на мандатот на судиите: Сали Мурати, Елена Гошева и Никола Ивановски на 2 јуни 2021 година, Уставниот суд работеше во неполн состав (со 6 судии), 6 месеци.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2021 заклучно со 31 декември 2021 година, Судот постапуваше по вкупно **290** предмети. Од нив, **148 предмети беа примени** во текот на 2021 година, а **63** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа во текот на годината беа **завршени 174 предмети**, а останаа **незавршени 142 предмети.**

### II.1. ПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Примени предмети според подносителите на иницијативите***

| *Подносители на иницијативи* | *број на предмети* |
|---|---|
| Граѓани | 106 |
| Политички партии | 9 |
| Претпријатија и други организации и заедници | 7 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 1 |
| Здруженија на граѓани | 19 |
| Други органи | 6 |
| **ВКУПНО** | **148** |



***Примени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони | 68 |
| Статути | 6 |
| Колективни договори | 6 |
| Прописи на Владата на РСМ и на министерствата | 21 |
| Други акти на Собранието на Република Северна Македонија | 4 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 17 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 12 |
| Акти на претпријатија | 2 |
| Акти на јавни служби | 3 |
| Акти на политички партии | / |
| Акти на Претседателот на Република Северна Македонија | 1 |
| Други акти | 8 |
| **ВКУПНО** | **148** |



***Примени предмети според видот на надлежноста на судот и според правната област на оспорениот акт***

| *Вид на надлежност на Уставниот суд* | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **134** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 7 |
| 2. Надворешни работи | / |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 10 |
| 4. Стопанство | 3 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 1 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 34 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 1 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 4 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 11 |
| 12. Сообраќај и врски | 1 |
| 13. Животна средина | / |
| 14. Работни односи | 16 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 3 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 8 |
| 17. Односи во бракот и семејството | 3 |
| 18. Образование, наука и култура | 7 |
| 19. Јавно информирање | 1 |
| 20. Локална самоуправа | 8 |
| 21. Комунални дејности | / |
| 22. Останато | 16 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **12** |
| **III. Судир на надлежност** | **/** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **2** |

**ВКУПНО** **148**

## II.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Во текот на 2021 година беа решени вкупно 174 предмети од кои:**

- 66 предмети од 2021 година
- 87 предмети од 2020 година
- 18 предмети од 2019 година
- 2 предмети од 2018 година
- 1 предмет од 2012 година

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 9 |
| Одлука за поништување | / |
| Одлука за одбивање | 1 |
| Одлука за утврдување | / |
| Решение за неповедување постапка | 81 |
| Решение за отфрлање на иницијативата/барањето/судир на надлежност | 75 |
| Решение за запирање на постапката | / |
| Предмети завршени со припојување | 7 |
| Административно завршен (член 16, член 13 и 15 од Деловникот) | 1 |
| **ВКУПНО** | **174** |



### *А. Решени предмети во кои биле оспорени закони:*

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 5 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 62 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 26 |
| Со решение за запирање на постапката | / |
| **ВКУПНО** | **93** |

**Вид на акт со кој е завршена постапката**




### *Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:*

| ***Вид на оспорен акт*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | **7** |
| Колективни договори | **7** |
| Правилници | **9** |
| Акти на единиците на локална самоуправа | **13** |
| Деловници | **2** |
| Одлуки | **7** |
| Други акти (Правила, Програми, Уредби, Методологии, Укази, Заклучоци, Упатства, Решенија и сл.) | **21** |
| **ВКУПНО** | **66** |

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 4 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 23 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 38 |
| Административно завршени | 1 |
| **ВКУПНО** | **66** |




## *В. Решени предмети за заштита на човековите слободи и права:*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за утврдување | / |
| Со одлука за одбивање | 1 |
| Со решение за отфрлање на барањето | 13 |
| **ВКУПНО** | **14** |

| ***Заштита на слободи и права кои се однесуваат на:*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата | 2 |
| Политичкото здружување и дејствување | 1 |
| Забрана на дискриминација (национална, социјална и политичка припадност) | 8 |
| Други права и слободи | 3 |
| **ВКУПНО** | **14** |

## *Г. Решени предмети за решавање на судир на надлежност:*

| ***Начин на кој е завршена постапката*** | *број на предмети* |
|---|---|
| Со решение за отфрлање на предлогот | 1 |
| **ВКУПНО** | **1** |

## II.3. НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Вкупниот број на нерешени предмети, заклучно со 2021 година е 142.***

| **Година** | **вкупен број на нерешени предмети** | апстрактна контрола | барања за заштита на слободи и права |
|---|---|---|---|
| **2017** | **2** | 2 | / |
| **2018** | **1** | 1 | / |
| **2019** | **24** | 21[*] | 3 |
| **2020** | **36** | 31[**] | 5 |
| **2021** | **79** | 72 | 7 |
| **Вкупно** | **142** | **127** | **15** |

Од вкупниот број на нерешени предмети, се одложени вкупно 15 предмети коишто се во фаза на одлучување поради недобиеното потребно мнозинство или се одложени до пополнување на Судот со полн состав на судии, по 9 предмети се донесени решенија за поведување на постапка, по 27 предмети е одржана подготвителна седница/јавна расправа, а 91 предмети се во фаза на претходна постапка.

## II.4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

Просечно траење на постапка по предмети за кои се донесени конечни акти на Уставниот суд (одлуки или решенија), сметано од денот на поднесување на иницијативата, барањето или предлогот, па сè до окончувањето на постапката:

| **примени предмети** | **Вкупен просек** | **Апстрактна контрола** | **Слободи и права** | **Одлуки** | ***најкраток период*** | ***најдолг период*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2021** | 5 месеца | 5 месеца | 6 месеца | 6 месеца | 1 месец | 10 месеца |
| **2020** | 4 месеца | 7 месеца | 5 месеца | 5 месеца | 13 дена | 19 месеца |
| **2019** | 9 месеца | 8 месеца | 10 месеца | 13 месеца | 1 месец | 34 месеца |
| **2018** | 8 месеца | 7 месеца | 9 месеца | 9 месеца | 1 месец | 30 месеца |
| **2017** | 8 месеца | 7 месеца | 6 месеца | 9 месеца | 1 месец | 26 месеца |

[*] Од вкупниот број на нерешени предмети од 2019 година коишто се однесуваат на апстрактна контрола на нормативни акти, во 5 предмети е оспорен Законот за ратификација на договорот од Преспа, а во 13 предмети е оспорен Законот за јазиците, по кои е одржана подготвителна седница.

[**] Од вкупниот број на нерешени предмети од 2020 година што се однесуваат на апстрактна контрола на нормативни акти, во 6 предмети е оспорен Законот за Јавното обвинителство, а во 2 предмети Законот за ратификација на договорот од Преспа.

## III. АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ

Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на примени предмети во текот на 2021 година – 148 предмети, споредено со 2020 година кога биле примени 324 предмети е намален, односно во 2021 година беа примени 176 предмети помалку (намален за околу 54%). Бројот на примени предмети во 2021 година е за околу 12% намален во однос на примените предмети во 2019 година кога биле примени 167 предмети. Бројот на примени предмети во 2021 година е за околу 7% намален во однос на примените предмети во 2018 година кога биле примени 137 предмети (11 предмети помалку), за 12% зголемен во однос на примените предмети во 2017 година-168 (20 предмети повеќе), за 18% зголемен во однос на примените предмети во 2016 година - 181 (33 предмети повеќе).

**Број на примени предмети по години**




Во текот на 2021 година, од вкупно 148 **примени предмети**, 68 предмета се однесуваа на оценката на согласноста на законите со Уставот – 68 (46%) и ист толкав број на предмети се однесуваа на оценка на уставноста и законитоста на други прописи и акти - 68 предмети (46%), и поднесени се 12 барања за заштита на слободи и права (8%).

За разлика од претходната 2020 година, во која најголемиот дел се однесуваше на оценката на согласноста на подзаконските акти со Уставот и законите 66,7%, а во 27.7% беа оспорени закони, во 2021 година овој процент е зголемен (46%), а намален во споредба со 2019 година кога процентуалното учество на предметите во кои биле оспорени закони во однос на вкупниот број примени предмети изнесувал 56.8%, како и со 2018 година - 53.3% и во споредба со 2017 година - 49,4%.

Од вкупниот број на **решени предмети** во 2021 година – 174, во најголем дел беа оспорени закони – 93 (53,4%), во 66 предмети беа оспорени прописи и други општи акти (38%), 14 предмети се однесуваа на барања за заштита на слободи и права (8%) и еден предмет на решавање на судир на надлежности или 0,6% од вкупниот број решени предмети.

Судот ја оценуваше уставноста на вкупно 53 закони од кои најчесто предмет на оспорување беа: Законот за работните односи којшто беше оспорен во 5 предмети, Законот за судската служба, исто така, во 5 предмети, Законот за банките и Законот за Фондот за осигурување на депозити беа оспорени во 4 предмети и Законот за Судскиот совет, исто така, беше оспорен во 4 предмети.

***Табеларен приказ на вкупно примени и решени предмети пред Уставниот суд во периодот од 2012 -2021 година***

| Година | Примени предмети | Решени предмети |
|---|---|---|
| **2012** | 205 | 239 |
| **2013** | 170 | 142 |
| **2014** | 173 | 193 |
| **2015** | 128 | 150 |
| **2016** | 181 | 161 |
| **2017** | 168 | 134 |
| **2018** | 137 | 211 |
| **2019** | 167 | 114 |
| **2020** | 324 | 278 |
| **2021** | 148 | 174 |
| **Вкупно** | **1801** | **1796** |



Од анализата на статистичките податоци за примените и решените предмети пред Уставниот суд во изминатите 10 години односно во периодот од 2012 до 2021 година, може да се забележи дека во изминатата 2021 година бројот на решени предмети е поголем од бројот на примени предмети.

***Барања за заштита на човекови слободи и права***

Во текот на 2021 година до Судот беа поднесени 12 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што претставува намалување во однос на 2020 година кога биле поднесени 18 барања, како и во однос на 2019 година кога биле поднесени 19 барања, зголемување во однос на поднесените барања за заштита на слободи и права во 2018 година кога биле примени 11 барања, во 2017 година – 5 барања, во 2016 година кога беа примени 8 барања.

Од вкупниот број решени предмети за заштита на човековите слободи и права (14), Судот донесе една (1) одлука со која се одби барањето на подносителот и 13 решенија со кои ги отфрли барањата за заштита на човековите слободи и права.

| Година | Број на примени барања | Број на решени барања |
|---|---|---|
| **2021** | 12 | 14 |
| **2020** | 18 | 16 |
| **2019** | 19 | 8 |
| **2018** | 11 | 9 |
| **2017** | 5 | 5 |
| **2016** | 8 | 11 |
| **Вкупно** | **73** | **63** |



***Табеларен приказ на начинот на кој е завршена постапката по барањата за заштита на човековите слободи и права пред Уставниот суд, во периодот од 2012 -2021 година***

| година | Решени | Одлуки | | Решение |
|---|---|---|---|---|
| | | Се одбива | Се утврдува | Се отфрла барањето |
| **2012** | 27 | 6 | / | 21 |
| **2013** | 13 | / | / | 13 |
| **2014** | 15 | 2 | / | 13 |
| **2015** | 15 | 2 | / | 13 |
| **2016** | 11 | 1 | / | 10 |
| **2017** | 5 | / | / | 5 |
| **2018** | 9 | 1 | 1 | 7 |
| **2019** | 8 | 1 | 1 | 6 |
| **2020** | 16 | 5 | 1 | 10 |
| **2021** | 14 | 1 | / | 13 |
| **Вкупно** | **133** | **19** | **3** | **111** |

Од анализата на статистичките податоци за начинот на кој е завршена постапката по поднесените барања за заштита на човековите слободи и права, во периодот од 2012 до 2021 година (10 години), од вкупниот број на решени предмети по барањата за заштита на човековите слободи и права, во најголем дел - 84% барањата се отфрлани, во 14% од нив Судот донел одлуки со кои се одбива барањето, а во 2% од барањата Судот донел одлука со која утврдил повреда.

***Решавање на судир на надлежности***

Согласно член 110 алинеи 4 и 5 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа.

Од периодот од 1992 до 2021 година, пред Уставниот суд се поднесени 10 предлози за решавање на судир на надлежност, при што донесени се 2 (две) одлуки со кои се утврдува надлежниот орган за одлучување (У.бр.125/2009 и У.бр.143/2008) и 8 решенија со кои се отфрла предлогот за решавање на судир на надлежност (У.бр.98/1999, У.бр.247/ 2001, У.бр.219/2001, У.бр.137/2005, У.бр.205/2010, У.бр.113/2013, У.бр. 14/2014 и У.бр.95/2019).

Во текот на 2021 година, Уставниот суд во предметот У.бр.95/2019 година, го отфрли предлогот за решавање судир на надлежност меѓу Општина Струмица и Министерство за финансии - Управа за имотно-правни работи, подрачно Одделение за првостепена управна постапка Струмица.

* * *

Во текот на 2021 година Уставниот суд донесе вкупно 9 укинувачки одлуки што е намалување во однос на минатата 2020 година кога биле донесени 20 одлуки (укинивачки/поништувачки), а незначително зголемување во однос на 2019 година кога биле донесени 8 одлуки. Исто така, бројот на одлуки донесени во текот на 2021 година е намален и во однос на 2016 година кога биле донесени 16 одлуки, во 2015 година 11 одлуки, 2018 година кога биле донесени 54 одлуки и 2017 година кога биле донесени 21 одлуки.

| Година | Вкупно одлуки | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|
| 2021 | 9 | 5 | 4 |
| 2020 | 20 | 3 | 17 |
| 2019 | 8 | 3 | 5 |
| 2018 | 54 | 22 | 32 |
| 2017 | 21 | 15 | 6 |
| 2016 | 16 | 14 | 2 |
| 2015 | 11 | 6 | 5 |




Бројот на донесени **решенија за неповедување на постапка** е намален – 81 во однос на минатата 2020 година кога биле донесени 143 решенија за неповедување на постапка, а зголемен во однос на 2019 година кога биле донесени 40 решенија, во однос на 2018 кога биле донесени 63 решенија, 2017 година - 47 решенија, 2016 година - 67 решенија и 2015 година кога биле донесени 73 решенија.

Бројот на донесени **решенија за отфрлање на иницијативите** е намален – 74, во споредба со бројот на решенија за отфрлање на иницијативите донесени во 2020 година – 89, со 2018 година – 83, а зголемен во споредба со бројот на решенија за отфрлање на иницијативите донесени во 2019 година кога изнесувал 60, 2017 година кога биле донесени 63 решенија, 2016 година кога биле донесени 73 решенија и 2015 година кога биле донесени 59 решенија за отфрлање на иницијативите.

## IV. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[1]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2021 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за укинување на закони и други прописи заврши вкупно **9 предмети**.

### 1.1. Одлуки за укинување на закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.13/2020 од 17 февруари 2021 година, го укина член 143 ставови 3 и 4 од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 247/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2019 и 42/2020).

СЕНТЕНЦА: Овластувањето на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со подзаконски акт да ги пропише постапката за прекршочна и кривична одговорност, како и постапката за регистрацијата на законски застапник на радиодифузер од друга држава, ги надминува законските рамки во кои може да се определат овластувања на Советот, односно со таквото овластување на Советот му се дава улога на законодавец, што уставно не е дозволено и води кон повреда на начелото на владеењето на правото.

[1] Во овој дел на Прегледот се дадени сентенци од сите интервентни (укинувачки) одлуки, кои се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2021 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката.

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.15/2020 од 24 февруари 2021 година, го укина член 65-а став 3 од **Законот за градење** („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/ 2011, 49/2011, 54/2011, 59/2011, 13/2012, 39/2012, 144/2012, 25/2013, 70/ 2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019 и 18/2020).

СЕНТЕНЦА: Од оспорениот член 65-а став 3 од Законот, произлегува дека во суштина, со запретените надомест на штета и изгубена добивка, како последици на евентуално изгубен судски спор, граѓаните се одвраќаат од уставното право на судска заштита на законитоста на одобрението за градење спротивно на член 50 став 2 од Уставот. Со предвидувањето на казна и одговорност на подносителот на тужбеното барање доколку не успее во судскиот спор се повредува уставно гарантираното право на судска заштита, а со тоа и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.29/2020 од 24 февруари 2021 година, го укина член 247 став 2 и член 254 став 2 од **Законот за семејството** („Службен весник на Република Македонија“ број 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014,115/2014, 104/2015 и 150/2015).

СЕНТЕНЦА: Владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, утврдена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, подразбира дека во правниот поредок треба да егзистираат само јасни, прецизни и недвосмислени норми. Во случај кога тие во себе содржат некакво повикување, упатување на друга норма, таа неминовно мора да е дел од правниот поредок за да таквото уредување претставува една логична, правно-функционална целина.

**4.** Уставниот суд со Одлука У.бр.22/2019 од 21 април 2021 година, го укина член 96 став 3 точка 2 од **Законот за комплементарна и алтернативна медицина** („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2015, 39/2016 и 83/2018).

СЕНТЕНЦА: Со ограничувањето во оспорената законска одредба, осудуваноста на граѓанинот за одделни кривични дела да биде ограничувачки фактор лицето да врши дејност на КАМ практичар, по сила на самиот закон, а не како последица од конкретна казна (забрана) што ја изрекол

судот со правосилна судска одлука, се повредува уставниот принцип на презумпција на невиност и принципот на законитост во казнувањето и се ограничува правото на работа. Правните последици од осудата не можат да настапуваат автоматски по сила на законот, туку само со правосилна судска одлука, односно дека казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата на казнивото дело и судски изречена казна за неговиот сторител и дека натамошни последици од неговото извршување односно од осудата за тоа дело коишто се состојат во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не е изречно утврдено со Уставот. Оттука, оспорената одредба на член 96 став 3 точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина не е доволно прецизна и јасна и не обезбедува правна сигурност на граѓаните, поради што не е во согласност со член 8 став 1 алинеји 1, 3 и 4 од Уставот.

**5.** Уставниот суд со Одлука У.бр.247/2020 од 25 мај 2021 година, го укина член 163 став 3 од **Законот за банките** („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

СЕНТЕНЦА: Законската поставеност Фондот за осигурување на депозити да се намири приоритетно ги доведува во неповолна положба сите останати депоненти кои своите парични побарувања во стечајната постапка во банката многу потешко ќе ги реализираат поради намалување на стечајната маса на банката во услови на приоритетно исплаќање на Фондот, а со тоа на овие субјекти им се повредува располагањето, користењето и управувањето со финансиските средства кои се во нивна сопственост, со што се повредуваат со член 8 став 1 алинеи 3, 6 и 8, член 9 став 2, член 30 ставови 1, 2 и 3, членот 34, член 54 ставови 1, 2 и 3 и членот 55 од Уставот.

## 1.2. Одлуки за укинување на други прописи и општи акти

Судот во текот на 2021 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.179/2020 од 24 февруари 2021 година, ги укина членовите 9 и 10 од **Правилникот за начинот на службено оценување на активниот воен персонал, активниот резервен персонал и за офицерите, односно подофицерите и војниците во резервниот состав на Армијата на Република Македонија, начинот на водење на евиденција потребна за службено оценување и видовите на обрасците на оценувачкиот лист** („Службен весник на Република Македонија" бр.170/2011).

СЕНТЕНЦА: Поаѓајќи од начелото на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок како и од начелото на уставност и на законитост, оспорените членови 9 и 10 од Правилникот не може да егзистираат во правниот поредок имајќи ги предвид измените во Законот за служба во Армијата на Република Македонија во кои е предвидено посебен начин на оценување на воениот и цивилниот персонал во Армијата, но за сите е предвиден описен начин на оценување, а не бројчано оценување како што е предвидено во оспорените одредби од Правилникот.

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.273/2020 од 3 март 2021 година, ја укина **Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови**, бр.08-1859/2 од 27.03.2019 година, донесена од Советот на Општина Центар („Службен гласник на Општина Центар" бр.6/2019 од 28.03.2019 година).

СЕНТЕНЦА: Со оспорената одлука, Советот на Општина Центар, ги пречекорил своите законски овластувања со што сериозно ја нарушил правната сигурност на граѓаните, што не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок - владеење на правото, со уставното начело на уставност и законитост како и еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, бидејќи граѓаните се ставени во нееднаква правна положба, на начин што со својата одлука не дозволил едни граѓани да ги остварат своите права и правни интереси, за разлика од останатите на кои тоа им било овозможено според членот 2 од оспорената одлука, повредувајќи го на тој начин член 9 став 2, од Уставот на Република Северна Македонија. Воедно, Советот на Општина Центар, неосновано ја довел во прашање уставната гаранција на правото на сопственост, со што го повредил и член 30 став 1 и став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.263/2020 од 24 јуни 2021 година, го укина член 5 ставови 3 и 4 од **Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата**, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.148/2020), донесен од Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

СЕНТЕНЦА: Со оспорените одредби од Правилникот се пропишуваат односи коишто би можеле да бидат уредени со закон, а не со подзаконски акт и со истите се излегло надвор од законски пропишаните права и

обврски, поради што оспорените одредби од Правилникот не се во согласност со уставното начело на владеење на правото, правото на здравствена заштита уредено во членот 39 од Уставот, како и начелото на уставност и законитост согласно членот 51 од Уставот, како и со одредби од Законот за здравствена заштита.

**4.** Уставниот суд со Одлука У.бр.34/2021 од 9 септември 2021 година, ја укина **Одлуката за донесување на Детален урбанистички план** за градска четврт „3 09" (опфат помеѓу бул.„Партизански одреди", ул. „Франклин Рузвелт", бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" и бул. „8-ми Септември") Општина Карпош - Скопје („Службен гласник на Општина Карпош" бр.3/2017).

СЕНТЕНЦА: Необјавувањето на одлуката на начин и постапка пропишани со Законот за животна средина, значи дека не е во целост запазена постапката за донесување на предметниот урбанистички план предвидена со Законот за просторно и урбанистичко планирање, што води кон повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што оспорената одлука не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија и со членот 65 од Законот за животната средина.

## 2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во текот на 2021 година Уставниот суд со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **81 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.** Уставниот суд со Решение У.бр.51/2020 од 26 јануари 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 23 ставови 5, 6, 7, 8 и 9 од **Законот за урбанистичко планирање** ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/2020).

СЕНТЕНЦА: Определбата на законодавецот за можна суспензија на веќе донесен урбанистички план, негов дел, или пак, плански одредби доколку се исполнат одредени предуслови и тоа во строго пропишана постапка, со исплата на штета од страна на единицата на локална самоуправа, или пак, Владата за плановите од државно значење во случај на незаконита суспензија на планот е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

**2**. Уставниот суд со Решение У.бр.164/2019 од 10 февруари 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 1 од од **Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/2019).

СЕНТЕНЦА: Уставот ѝ дава право на државата да го контролира и ограничува експлоатирањето на минералните суровини, а со цел за заштита на здравјето на луѓето, како и нивната безбедност. Оттука, недвосмислено произлегува дека право е на законодавецот да определи кои минерални суровини можат да бидат дадени под концесија, како и да определи дека во иднина под концесија не можат да бидат дадени минералните суровини, освен за оние за кои се издадени концесии, поради што, не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Законот со членот 55 од Уставот, во кој се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

**3.** Уставниот суд со Решение У.бр.299/2020 од 24 февруари 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од **Законот за банките** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019).

СЕНТЕНЦА: Законското лимитирање на осигурување на депозитите во облик којшто не ги опфаќа депозитите на правните лица и други депоненти е прашање што е во доменот на тоа дека уставно-правно се оценува она што е содржано во законот, а не и тоа што не е регулирано во правниот поредок. Во конкретниот случај начинот на законската поставеност на Фондот како осигурителна финансиска институција е прашање на законодавната политика на законодавецот, поаѓајќи од уставниот основ во членот 68 од Уставот, според кој Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите. Фондот е државна сопственост, којшто гарантира покривање на одредено осигурено ниво на наплата на депозити на физички лица во банките на територија на Република Северна Македонија, неговата финансиска одржливост е неопходна за целокупниот банкарски сектор во државата, не е основан за еднократна цел па оттука и неговата уставно-правна опсервација се гледа како специфична осигурителна финансиска институција која заштитува на определен начин стабилност општо на банкарскиот систем како јавен интерес. Оттука, оспорената одредба од Законот не може уставно-правно да се проблематизира како несогласна со членот 8, членот 9, членот 54 и членот 55 од Уставот.

**4.** Уставниот суд со Решение У.бр.106/2018 од 24 февруари 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 353 од **Кривичниот законик** („Службен весник на Република Македонија" број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/ 2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015,226/2015, 97/2017 и 248/2018).

СЕНТЕНЦА: Од аспект на пропишаната казна за сторителот со казна затвор од најмалку пет години, Уставниот суд нема надлежност да ја оценува целисходноста на законската норма со оглед на тоа што тоа е прашање на законодавецот во регулирањето на предметната материја, ниту Уставниот суд може да оценува дека друга содржина наместо пропишаната треба да се предвиди во нормата што би соодвествувала на кривичното дело за кое требало да биде помала. Во оспорената одредба на ставот 5 од членот 353 од Кривичниот законик несомнено се содржани основните елементи на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување (сторителот на делото, дејствието на извршување, последицата и казната) поради што не може да се постави прашањето за нејзината согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 14 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

**5.** Уставниот суд со Решение У.бр.165/2019 од 3 март 2021 година, не поведе постапка за оценување уставноста на член 13, во делот: „на маж и жена" и член 100-а став 5 алинеја 7 од **Законот за семејството** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015).

СЕНТЕНЦА: Со утврдувањето во членот 13 од Законот за семејството на заедницата како заедница на маж и жена не се навлегува во личниот, приватниот и семеен живот, ниту се врши дискриминација по основ на сексуална ориентација, туку само се врши изедначување на брачната и вонбрачната заедница. Во однос на оспорениот член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот, според Судот, одредбата од Законот е јасна и прецизна и точно и прецизно ги утврдува условите и критериумите кои треба да ги исполнува посвоителот коишто ги пропишува министерот за труд и социјална политика. При предвидувањето на конкретните услови и критериуми кои треба да ги исполнува посвоителот, законодавецот го имал во вид најдобриот интерес на детето со цел со посвојувањето да се воспостави однос родител-дете кој е најблизок до односите кои постојат во биолошкото семејство.

Со иницијативата се бара вака дефинираната одредба и утврдените критериуми да се изменат и дополнат со критериум да може и друга заедница да учествува во постапката за посвојување, што не е во надлежност на Уставниот суд, туку е во надлежност на законодавниот дом, којшто, меѓу другото ја уредува и социјалната политика. Оттука, оспорените членови од Законот за семејството како јасни и прецизни не можат да се доведат под сомнение по однос на член 8 став 1 алинеи 1 и 3, членовите 9, 25 и 40 од Уставот, ниту со одредбите од Европската конвенција за заштита на човековите права, која ги штити индивидуалните, личните права на човекот и граѓанинот, но не преку законски одредби, туку преку индивидуални посебни одлуки.

**6.** Уставниот суд со Решение У.бр.137/2019 од 21 април 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 72 став 3, во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката" и член 72 став 4, во делот: „во случај на груба повреда на одредбите за постапката" од **Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019).

СЕНТЕНЦА: Уредувањето во оспорениот член 72 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија овозможува правото на жалба на разрешен судија или претседател на суд да се остварува во: двостепена постапка, во втор степен да одлучува судски орган, одлуката на второстепениот орган да е задолжителна, а во рамките на законитоста на постапката спроведена од Судскиот совет, Советот за одлучување по жалба може да ги опфати и прашањата поврзани со фактичката состојба и со примената на материјалното право не ги доведува во прашање темелните вредности на уставниот поредок на Републиката: владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право од Уставот.

**7.** Уставниот суд со Решение У.бр.4/2021 од 5 мај 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 69 став 4 од **Законот за управни спорови** ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019).

СЕНТЕНЦА: Од причина што во оспорениот член 69 став 4 на Законот, станува збор за состојба кога и *de facto* и *de jure* не постои, односно не е донесен поединечен акт или кога е поништен утужениот поединечен акт и предметот е вратен на управниот орган на повторно постапување, според Судот, не постои основ за поднесување на правен лек, односно нема акт за кој евентуално би можело да биде предвидено правото на жалба, туку тоа

е во функција на законито вршење и отстранување на процедуралните, формалните недостатоци за да може Судот по отстранување на истите мериторно да одлучува. Овозможувањето на правото на жалба на овој вид на одлука би значело само пролонгирање на постапката со што би се нарушило начелото на економичност. Оттука, со оспорениот член од Законот за управни спорови не се повредува начелото на владеењето на правото и уставно гарантираното право на жалба против одлуките донесени во прв степен пред суд.

**8.** Уставниот суд со Решение У.бр.14/2021 од 2 септември 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на **Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 19/2021 и 74/2021), во целина.

СЕНТЕНЦА: Со Законот за попис на населението, домаќинствата и становите 2021 година и со пропишување на услови и преземање на мерки за заштита на здравјето на населението со цел на негово непречено спроведување во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19, не се загрозува јавното здравје спротивно на член 39 став 2 од Уставот.

**9.** Уставниот суд со Решение У.бр.245/2020 од 13 октомври 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 4 став 5 во делот: „корисник” и член 8 став 1 точка 1) во делот: „користи” од **Законот за даноците на имот** („Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/ 2015, 192/2015, 23/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/2021).

СЕНТЕНЦА: Кои и какви видови на даноци како јавна давачка ќе бидат утврдени со закон, поконкретно, за кој недвижен имот се плаќа данок на имот и кои се даночни обврзници, а за кои недвижности не се плаќа данок на имот, е прашање од доменот на надлежностите на законодавецот, како негово уставно право да донесува закон (член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот) со кој ќе ги утврдува јавните давачки (член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот), како и со закон да го утврдува начинот на оданочувањето (членот 33 од Уставот).

**10.** Уставниот суд со Решение У.бр.89/2021, У.бр.90/2021 и У.бр.114/2021 од 10 ноември 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 став 2 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/2021), во целина, а посебно во делот: „а најдоцна до 30 јуни 2022 година".

СЕНТЕНЦА: Со определување на договорот за вработување продолжен со поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година, да важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година, не се задира во веќе стекнатите права, што значи дека тие ниту се отуѓуваат ниту се одземаат. Законодавецот има право при промена на режимот на уредување на односите во одделна област, во конкретниот случај при промена на условите за стекнување на правото на пензија, да го уреди преминот од стариот во новиот режим при што со скратувањето на рокот, не се повредуваат стекнатите права, како што се тврди во иницијативите, од причина што законодавецот при нивно уредување ги имал предвид и поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување со што не се загрозени правната сигурност и веќе стекнатите права и интереси на субјектите на кои тие се однесуваат.
Оттука, во конкретниот случај нема повреда на начелото на забрана на дискриминација поради што оспореното законско решение, не може уставно да се проблематизира од аспект на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите, во смисла на одредбата на членот 9 од Уставот, бидејќи одредбата која се оспорува се однесува на иста категорија на осигуреници, кои се во иста правна положба и правни односи, односно се однесува за сите работници кои поднеле писмена изјава за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година, што значи се со ист правен статус, и кои ќе остварат право на пензија согласно со закон.

**11.** Уставниот суд со Решение У.бр.85/2021 од 9 декември 2021 не поведе постапка за оценување на уставноста на **Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 163/2021).

СЕНТЕНЦА: Целисходноста на законско решение со посебен закон да се уредат деталите во врска со планирањето, проектирањето и изградбата и употребата на дел од Коридорот 8 и Коридорот 10 д, кои се протегаат во

Република Северна Македонија, имајќи ја предвид спецификата на материјата што се уредува, ја исклучува примената на други закони во целост или делумно, во врска со сите прашања уредени со овој закон (*lex specialis derogat legi generali*), е проценка на законодавецот и не претставува законодавно-правен преседан и не значи повреда на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.
Кога државата се јавува како субјект на пазарот кој номинира стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на конкретните инфраструктурни коридори, државата не е регулатор на пазарот кој обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Не може да се изрази сомнеж во уставноста на законското решение со кое се утврдува јавен интерес за целата експропријација на недвижен имот со цел да се усогласи со назначената употреба за изградба на Коридорот 8 и Коридорот 10 д со неопходната придружна инфраструктура, при што се упатува на примена на Законот за експропријација. Со јасно определување на надлежноста на Комитетот за преговори и неговиот мандат, а во однос на составот на Комитетот, со пропишување на рамка за определување на составот и овластување на Владата да го утврди конкретниот состав на истиот, се доволно определени и определиви елементи за функционирање на Комитетот, со што не се повредува владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Републиката.

**12.** Уставниот суд со Решение У.бр.161/2019 од 21 јануари 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 174 ставови 2 и 3, член 178 став 2, членови 179, 180 и 181 од **Судскиот деловник** („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/2013 и 114/2014).

СЕНТЕНЦА: Прераспределбата на судските предмети во специфични ситуации (изземање на судечкиот судија по барање на странка, ненадејно отсуство на судијата, новоизбран судија, нораспореден судија, постапување по одреден вид на судски предмети само од еден судија), како и овластувањето на претседателот на судот за тоа како да постапува во тие ситуации, е во рамките на законските овластувања и одговорности на претседателот на судот, утврдени во Законот за управување со движењето на предметите во судовите, претставува објективизација на распределбата и прераспределбата на судските предмети во одредени специфични ситуации и не го доведуваат во прашање непристрасното избирање на судијата, односно правото на граѓаните на еднаков пристап пред судот и нивното право на правично судење од непристрасен суд утврдени во

членовите 6 и 7 од Законот за судовите. Поради тоа, не може да се постави прашање за законитоста на член 178 став 2, членовите 179, 180 и 181 од Судскиот деловник, ниту пак за повреда на уставното начело на еднаквоста на граѓаните утврдено во членот 9 од Уставот.

**13**. Уставниот суд со Решение У.бр.284/2020 од 21 април 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 73 став 4 во делот „Зголемувањето на платата може да се замени со слободни денови“, од **Колективниот договор на Министерството за одбрана** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.238/ 2019).

СЕНТЕНЦА: Оспорениот дел од ставот 4 на членот 73 од Колективниот договор: „Зголемувањето на платата може да се замени со слободни денови“, уредува право, а не обврска за замена на зголемувањето на платата со слободни денови на вработените, кои исполнуваат услови за зголемување на основната плата на начин како е тоа уредено со Колективниот договор. Оспорениот дел од одредбата има карактер на алтернативна можност за замена на зголемување на основната плата со слободни денови како право на избор на работникот и работодавачот со заедничка согласност за остварување на тоа право, а во интерес на двете страни, во согласност и со непречено реализирање на работниот процес, но и со правото на проценка на работникот наместо со исплата во пари да оствари слободни денови само во рамки на исплата на основната плата.

**14.** Уставниот суд со Решение У.бр.35/2012 од 5 мај 2021 година, не поведе постапка за оценување на уставноста оценување на уставноста и законитоста на: Одлуката за преименување на Основното училиште „Никола Вапцаров“ во Основно училиште „Имри Елези“ бр.07-109/3 од 27 јануари 2012 год; Одлуката за преименување на Основното училиште „Јане Сандански“ во Основно училиште „Јашар Беј Шкупи“ бр.07-109/5 од 27 јануари 2012 година; Одлуката за преименување на Основното училиште „Цветан Димов“ во Основно училиште „Хасан Приштина“ бр.17-109/6 од 27 јануари 2012 година, и Одлуката за преименување на Основното училиште „Рајко Жинзифов“ во Основно училиште „Исмаиљ Ќемаљи“ бр.07-109/4 од 27 јануари 2012 година, сите донесени од Советот на Општина Чаир и објавени во „Службен гласник на Општина Чаир“ бр.1 од 1 февруари 2012 година.

СЕНТЕНЦА: По прашањето за промена на името на основно училиште од суштинско значење е фактот дали оспорените одлуки се во согласност со Законот за локалната самоуправа, Законот за основното образование како

*lex specialis* во однос на Законот за установите чии одредби имаат супсидијарна примена и се применуваат доколку со друг закон поинаку не е уредено. Во конкретниот случај, согласно член 21 од Законот за основното образование со статутот кој го донесува училишниот одбор, меѓу другото, се уредува и називот на основното училиште, како и дека на статутот на основното училиште согласност дава Министерството за образование. Притоа, согласноста е конкретен акт со кој се потврдува дека статутот или неговите измени и дополнувања се донесени во постапка предвидена со Законот и по дадената согласност, се смета дека во целост е запазена постапката за негово донесување.
Оспорените одлуки се донесени во постапка која е во согласност со Законот за локална самоуправа поради што оспорените одлуки не може основано да се доведат под сомнение по однос на нивната согласност со член 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа. Орган кој може со статутарна одлука за измени на статутот да го промени називот на основните училишта освен училишниот одбор на наведените училишта врз дадена согласност од Министерството за образование е и Советот на Општината Чаир којшто со свои одлуки може да врши промени на имињата на основните училишта, поради што Судот оцени дека со оспорените одлуки Советот на Општина Чаир не навлегол во надлежноста на училишниот одбор на наведените основни училишта, односно истиот не ги пречекорил своите овластувања кога ги донел оспорените одлуки.
Оттука, оспорените одлуки не можат да се доведат под сомнение по однос на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија и со Законот за основното образование и Законот за локалната самоуправа.

## 3. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА

Во текот на 2021 година, до Судот беа поднесени вкупно **12 барања** за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во текот на 2021 година, најголем број се однесуваа на заштита од дискриминација (по основ на социјална, национална припадност што ја подразбира и етничката припадност и политичка припадност), додека останатите на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување.

Судот во текот на 2021 година, реши **14 предмети** за заштита на слободите и правата (од кои 5 се примени во 2021 година, 7 барања се примени во текот 2020 година, а 2 (две) во 2019 година).

Решените барања за заштита на слободите и правата се однесуваа на заштита од дискриминација врз основа на: социјална припадност политичка припадност, пол, раса, верска и национална припадност; заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, уверувањето и политичкото здружување и дејствување, право на сопственост (денационализација) и неизвршување на правосилна пресуда на Европскиот суд за човекови права.

Од вкупниот број решени барања за заштита на слободите и правата, Судот донесе **една одлука** со која се одби барањето, а **13 (тринаесет) решенија** со кои беа отфрлени барањата поради постоење процесни пречки за одлучување или поради ненадлежност.

**1.** По предметот **У.бр.286/2020 од 26 јануари 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: Судот го отфрли барањето за заштита на слободите и правата бидејќи од денот на доставувањето на поединечниот акт до денот на поднесувањето на барањето за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, поминале повеќе од 2 месеци поради што Судот оцени дека не се исполнети процесните претпоставки од членот 52 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата и дека се исполнети условите од член 28 алинеја 3 од Деловникот, за отфрлање на барањето.

**2.** По предметот **У.бр.313/2020 од 4 февруари 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Судот го отфрли барањето поради постоење процесни пречки за одлучување, од причина што во конкретниот случај барањето е поднесено од правно лице што е во спротивност со членот 51 од Деловникот, според кој само физичко лице, односно граѓанин, може да поднесе барање за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот.

**3.** По предметот **У.бр.294/2020 од 24 февруари 2021 година** за заштита на слободите и правата повредени со преземено дејство со извршување на поединечен акт, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Судот го отфрли барањето поради постоење на процесни пречки согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, од причина што во конкретниот случај е пропуштен субјективниот рок од два месеца за поднесување на барањето за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд.

**4.** По предметот **У.бр.174/2020 од 3 март 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на политичкото здружување и дејствување, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Во конкретниот случај барањето за заштита на слободите и правата по својата суштина претставува барање за преиспитување на конкретни судски одлуки од аспект на утврдена фактичка состојба и примената на материјалното и процесното право т.е инстанционо постапување, што е надвор од надлежностите на Уставниот суд. Оттука, Судот оцени дека не се исполнети процесните претпоставки од членот 52 од Деловникот на Уставниот суд, односно постојат процесни пречки Судот да се впушти во мериторно одлучување по барањето, а со цел да утврди дали постои или не повреда на правото на политичко здружување и дејствување.

**5.** По предметот **У.бр.317/2020 од 10 март 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација на граѓаните по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое се **отфрла барањето** на подносителот.

СЕНТЕНЦА: Судот го отфрли барањето поради постоење на процесни пречки за постапување на истото, а во врска со членот 68 од Деловникот на Судот, од причина што во конкретниот случај е пропуштен субјективниот рок од два месеци за поднесување на предметното барање и не може подносителот на барањето да се повикува на можноста да го користи објективниот рок од пет години со оглед на тоа што му бил познат точниот датум на преземеното дејствие и во определениот рок не го искористил правото за заштита пред Уставниот суд.

**6.** По предметот **У.бр.55/2021 од 24 јуни 2021 година** за заштита на слободите и правата, Судот донесе Решение со кое го **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Оспорената пресуда донесена од Основниот суд во Битола не е конечен, ниту правосилен поединечен акт, ниту пак наводите во барањето покренуваат прашања поврзани со слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот.
Во однос на Пресудата донесена од Апелациониот суд во Битола како правосилен поединечен акт е проблематизиран пред Уставниот суд по истекот на 2 месеци од приемот/ доставувањето на таа пресуда, поради што Судот го отфрли барањето согласно на член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд.

**7.** По предметот **У.бр.282/2020 од 9 септември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на заштита од дискриминација врз основа на по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, Судот го **отфрли барањето.**

СЕНТЕНЦА: Судот утврди дека оспорените пресуди не се оспоруваат од аспект на слободите и правата што ги штити Уставниот суд врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, туку од аспект на повреда на правото на сопственост односно денационализација по основ на наследство, чија заштита е надвор од делокругот на Уставниот суд.
Воедно, по однос на оспорената пресуда на Вишиот Управен суд, кој акт е поединечен и правосилен акт, Судот утврди дека се исполнети условите од член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд, за отфрлање на барањето, бидејќи барањето е поднесено по истекот на рокот од 2 (два) месеци предвиден во член 51 од Деловникот.

**8.** По предметот **У.бр.50/2021 од 22 септември 2021 година** за заштита на слободите и правата коишто се однесуваат на забрана на дисриминација по основ на национална припадност, Судот донесе Решение со кое го **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Актот и дејствието на кои се повикува подносителката на барањето - обрасците за издавање на лична карта издадени од МВР, имаат дејство erga omnes, односно општо дејство и се однесуваат за сите граѓани на Република Северна Македонија, и не може да имаат третман на поединечен акт или дејство со кои се врши повреда на поединечните права или слободи на подносителката на барањето, како поединец.

Оттука, не се исполнети процесните претпоставки од членот 51 од Деловникот на Уставниот суд за впуштање во мериторно постапување и одлучување по барањето за заштита на слободите и правата и Судот го отфрли барањето согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот.

**9.** По предметот **У.бр.43/2021 од 6 октомври 2021 година** за заштита на слободите и правата, Судот донесе Решение со кое го **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Судот го отфрли барањето согласно член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд од причина што во барањето не се наведени поединечни акти (конечен или правосилен поединечен акт) со кои се одлучува за некое од слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот за кое може да се бара уставно-судска заштита. Во суштина со барањето на подносителот од Уставниот суд се бара да интервенира при одлучувањето за фактички прашања што излегуваат од надлежност на Судот утврдена со Уставот, а кои прашања можат да се утврдат и соодветно санкционираат во постапка пред други надлежни органи.

**10.** По предметот **У.бр.5/2019 од 10 ноември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на национална припадност и правото на слобода на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата од член 110 став 1 алинеја 3 од Уставот, Судот донесе Решение со кое го **отфрла барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Уставниот суд е надлежен да одлучува за заштитата на оние слободи и права утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот, коишто се повредени со конечен или правосилен поединечен акт или дејство, но не и за заштита на слободите и правата кои би биле повредени со акти кои немаат карактер на конечен или правосилен акт, како што е во конкретниот случај. Оттука, Судот оцени дека не се исполнети процесните претпоставки од членот 51 од Деловникот за постапување по барањето, од кои причини барањето на подносителите се отфрли согласно член 28 алинеја 3 од Деловникот.

**11.** По предметот **У.бр.41/2021 од 17 ноември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на политичка припадност, Судот донесе Решение со кое го **отфрли барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Оспорената одлука на Собранието за избор на заменик народен правобранител не претставува акт согласно членот 51 од Деловникот на Уставниот суд за кој може да се бара заштита на слободите и правата предвидени во член 110 алинеја 3 од Уставот, а воедно Судот веќе одлучувал за истата и нема основи за поинакво одлучување, поради што Судот го отфрли барањето согласно член 28 алинеи 2 и 3 од Деловникот на Уставниот суд.

**12.** По предметот **У.бр.52/2019 од 1 декември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, Судот донесе Решение со кое го **отфрли барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Барањето не се однесува на забрана на дискриминација по основ на социјална припадност, како што подносителите на барањето само декларативно се повикуваат, туку всушност претставува барање Уставниот суд да одлучува како инстанционо повисок суд за права и интереси во конкретен предмет, за што Уставниот суд не е надлежен, поради што Судот оцени дека барањето треба да се отфрли согласно член 28 алинеи 1 и 3 од Деловникот на Уставниот суд.

**13.** По предметот **У.бр.283/2020 од 9 декември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на заштита на слободата на изразување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичко дејствување како и забрана на дискриминација по основ на политичко дејствување, Судот донесе Одлука со која во дел **го одби барањето**, а во дел **го отфрли барањето** на подносителот на барањето.

СЕНТЕНЦА: Потврдувањето, со Решение донесено од Советот за одлучување по жалби формиран при Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Одлуката донесена од Судскиот совет на Република Северна Македонија со која Владимир Панчевски - судија на Основниот кривичен суд Скопје се разрешува од вршење на судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на функцијата претседател на суд, според оцената на Уставниот суд се наведените дејствија на претседателот на Основниот суд Скопје I во Скопје Владимир Панчевски (извршил рачна распределба на новопримени предмети, давајќи усна наредба што било забележано од судскиот службеник во АКМИС системот, без да изготви одлуки со образложени причини за таквото распределување на предметите, а извршил и рачно распределување на предмет спротивно од Годишниот распоред на работа на судиите за 2016 година), а не неговите

текстови објавени во печатените медиуми и на неговиот е-профил, поради што, формалноправно и материјалноправно гледано, Решението нема допирност со правото на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, ниту со слободата на политичкото дејствување и со забраната на дискриминација по основ на политичко уверување, а на чија повреда упатува подносителот на Барањето доставено до Уставниот суд.

Што се однесува, пак, до наводниот политички поттик кој бил извршен преку медиумите за да се преземеле дејствија поврзани со Решението, дури и да се прифати таквата можност иако оспореното решение се заснова на други, правно неспорни, факти кои го оправдуваат разрешувањето, тој поттик би бил во рамките на член 52 став 6 од Законот за судовите и на темелните вредности на уставниот поредок утврдени во член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, судија и претседател на суд да не смее да остварува политичка активност, односно активност која излегува надвор од судиската функција, навлегува во надлежност на други државни органи и влијае на вршењето на судиската функција, поради што оспореното решение и од тој аспект не е неуставно и незаконито.

**14.** По предметот **У.бр.72/2021 од 15 декември 2021 година** за заштита на слободите и правата што се однесуваат на неизвршување на правосилна пресуда на Европскиот суд за човекови права, Судот донесе Решение со кое **го отфрли барањето**.

СЕНТЕНЦА: Согласно уставните надлежности, Уставниот суд нема надлежност во сферата на извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, поради што Судот го отфрли барањето за заштита на слободите и правата согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, поради ненадлежност на Уставниот суд да одлучува по барања за извршување на таков вид пресуди.

## 4. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2021 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно членот 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд, беа издвоени и писмено образложени дванаесет (12) издвоени мислења на судии и тоа во предметите: У.бр.22/2019, У.бр.51/2020, У.бр.263/2020, У.бр.164/2019, У.бр.299/2020, У.бр.15/2020, У.бр.1/2020, У.бр.137/2019, У.бр.284/2020, У.бр.247/2020, У.бр.41/2021 и У.бр.85/2021.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Согласно Деловникот на Уставниот суд, работата на Судот е јавна.

Претставниците на средствата за јавно информирање редовно можат да присуствуваат на седниците на Судот. Известување на јавноста за работата на Судот се врши континуирано и преку интернет страницата на Уставниот суд за дневниот ред на секоја закажана седница. После секоја завршена седница претставниците на средствата за јавно информирање сеопфатно се информираат за одлуките и решенијата што ги донел Судот.

Одлуките и решенијата откако ќе бидат изготвени и потпишани од Претседателот на Судот се објавуваат на Интернет страницата на Уставниот суд, така што се достапни на стручната и друга јавност: ***(www.ustavensud.mk).***

Информирањето на јавноста во 2021 година исто така се остваруваше и преку соопштенија во врска со сите активности на Судот, како на домашно така и на меѓународно ниво.

Во декември 2021 година, за прв пат од своето основање, Уставниот суд на Република Северна Македонија ја востанови позицијата портпарол-Советник на Судот за односи со јавноста – Христина Беловска, со цел унапредување на транспарентноста и зголемување на довербата кај граѓаните. Портпаролот раководи и со службената Фејсбук страница која Судот за прв пат ја доби со цел да биде во чекор со новите трендови на информирање и да го користи овој медиум како канал за точно и навремено информирање и подобрување на транспарентноста.

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2021 година, во рамките на активностите на меѓународната соработка, поради рестрикциите со кои се соочуваше регионот од пандемијата со КОВИД-19, повеќето од традиционалните регионални коференции се одржаа виртуелно. Истовремено Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

Од активностите на меѓународната мултилатерална соработка ги издвојуваме следниве:

- На покана од претседателот на Уставниот суд на Република Турција, проф.д-р Зухту Арслан, во период од 27 до 31 јануари делегација на Уставниот суд на Република Северна Македонија предводена од претседателот на Судот, Сали Мурати, судиите: Елена Гошева, Јован Јосифовски и д-р Осман Кадриу и советникот м-р Љубица Ангелова, оствари работна посета на Република Турција.

Во рамките на посетата, делегацијата најпрвин оствари работна средба со претседателот и судии на Уставниот суд на Република Турција, на која беа разменети мислења и искуства за актуелни уставно-правни прашања од посебен интерес за двата суда.

Во рамките на официјалната посета на Република Турција, делегацијата оствари и средби со: претставници на Судот за судир на надлежности на Република Турција и Врховниот управен суд на Република Турција, претседателот на Врховниот суд на Република Турција, г. Мехмед Акарџа на која присуствуваше и врховниот јавен обвинител на Република Турција, г. Беќир Шахин, со Министерот за правда на Република Турција, г. Абдулхамид Ѓул и со претседателот на Република Турција, г. Реџеп Таип Ердоган, на која присуствуваше и претседателот на Уставниот суд на Република Турција, г. Зухту Арслан.

- Во рамките на чешкото претседателство со Конференцијата на европските уставни судови, по пат на видео-конференција на 24 и 25 февруари се одржа XVIII-от Конгрес на тема: „Човекови права и фундаментални слободи: Односот помеѓу меѓународните, наднационалните и националните каталози во 21 век“. Во работата на Конгресот, учествуваа 35 уставни/врховни судови коишто се полноправни членки на Европската Конференцијата на уставни судови, при што Конгресот, започна со состанокот на Кругот на претседателите, што се одржа на 24 февруари 2021 година, на кој учествуваше претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, г. Сали Мурати, при што беа разгледани и се гласаше за повеќе прашања од организациски карактер кои се однесуваат на Конференцијата.

Претседателот Мурати, судијата д-р Дарко Костадиновски, секретарот на Судот, Александар Лазов и советникот м-р Симона Герасимова-Јовановска, на 25 февруари 2021 година, учествуваа во работата на овој конгрес, на кој се дискутираше за повеќе теми коишто се однесуваат на уставното судство и заштитата на слободите и правата.

➢ Претседателот на Судот, Сали Мурати, на 21 април 2021 година, на покана од Претседателот на Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа, г.Лендер Вербек, учествуваше на видео конференциски состанок организиран од Конгресот на локалните и регионалните власти при Советот на Европа.

Видео состанокот се одржа во рамките на најавениот мониторинг на Република Северна Македонија од страна на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа којшто спроведува регуларен мониторинг на сите земји-членки на Советот на Европа коишто ја имаат потпишано и ратификувано Европската повелба за локалната самоуправа.

Претседателот на Судот, Сали Мурати, на овој мониторинг состанок на Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа, имаше свое излагање во кое подетално ги презентираше следниве прашања коишто се однесуваат на: уставната положба на локалната самоуправа, законската рамка со која е регулирана локалната самоуправа, надлежностите на Уставниот суд преку кои одлучува за прашања што се однесуваат на локалната самоуправа при што презентираше и статистички податоци од последните 10 години од уставно-судската практика во однос на примените предмети во кои беа оспорени актите на единиците на локалната самоуправа како и релевантни ставови на Судот одлучувајќи по одредени прашања коишто се однесуваат на локалната самоуправа.

➢ На покана од Уставниот суд на Република Бугарија во периодот од 8 до 11 јуни 2021 година, делегација на Уставниот суд на Република Северна Македонија, предводена од претседателот на Судот, г-ѓа Добрила Кацарска, тројца судии на Уставниот суд и секретарот на Судот, оствари официјална посета на Република Бугарија.

Во рамките на посетата се одржа Тркалезна маса на тема: „Предизвиците на модерниот конституционализам во услови на КОВИД-19“.

Исто така, делегацијата на Уставниот суд оствари и протоколарна средба со Претседателот на Република Бугарија, Г. Румен Радев.

➢ Секретарот на Судот, Александар Лазов, учествуваше на Деветтата летна школа организирана од Уставниот суд на Република Турција (7 и 8 септември 2021 година), која поради пандемијата на КОВИД 19, се одржа преку онлајн видеоконференциска врска. Темата на оваа конференција беше извршувањето на одлуките на уставните судови и на истата учествуваа претставници на 28 уставни судови и други институции од повеќе држави.

➢ Секретарот на Судот, Александар Лазов, на 15 септември 2021 година, оствари онлајн средба со Делегацијата на Венецијанската комисија во врска со побараното мислење од Република Северна Македонија за Предлог-законот за вонредна состојба. Од негова страна, беа презентирани: функционирањето на Уставниот суд за време на вонредната состојба која беше утврдена на територијата на Република Северна Македонија во периодот март - јуни 2020 година; одлуките и ставовите на Судот во врска со повеќето оспорени уредби со законска сила донесени од Владата на Република Северна Македонија, одлуките на претседателот на Републиката за утврдување постоење вонредна состојба и други одлуки на Владата поврзани со вонредната состојба.

➢ Претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, на 8 октомври 2021 година, учествуваше на регионалната онлајн конференција на уставните судови од регионот, организирана од Уставниот суд на Република Србија и германската фондација ИРЗ на тема – „Заштита на правото на почитување на семејниот живот во уставно-судската пракса“, на која имаше свое излагање со наслов „Заштита на правото на почитување на семеен живот пред Уставниот суд на Република Северна Македонија“.

➢ Претседателот и судиите на Уставниот суд на 7 декември 2021 година остварија работна средба со делегација на Уставниот суд на Република Косово на која беа разменети идеи и мислења за начините и облиците на можната идна соработка помеѓу двата суда, но и искуства и ставови за прашањата коишто се во нивната надлежност, а посебен акцент беше ставен на делот за заштита на уставните слободи и права.

## VI. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ

➢ Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, судиите: д-р Осман Кадриу и Насер Ајдари и генералниот секретар Александар Лазов на 20 јануари 2021 година, остварија средба со Н.Е. Фатос Река, амбасадор на Република Албанија во Република Северна Македонија.

➢ Претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, на 22 јануари 2021 година оствари средба со Н.Е. г-дин Сергеј Баздникин, амбасадор на Руската Федерација во Република Северна Македонија.

➢ Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, на 25 јануари 2021 година оствари работна средба со првиот заменик на претседателот на

Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, г. Артан Груби.

- Претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, на 3 февруари 2021 година оствари средба со Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г. Зоран Заев на која беше разговарано на темата: Независноста на судските институции е основен предуслов за владеење на правото и правната држава, како и за други актуелни прашања од сферата на уставното судство и правосудството.

- Претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, на 3 февруари 2021 година, оствари работна средба со министерот за правда г. Бојан Маричиќ, на која беше разговарано на повеќе теми, како владеење на правото и унапредување на соработката со цел постигнување на европски стандарди во правосудството.

- Претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, на 11 февруари 2021 година оствари протоколарна средба со амбасадорот на Република Италија во Република Северна Македонија, Н.Е. Андреа Силвестри.

- Претседателот на Судот, г. Сали Мурати и судиите на Уставниот суд на 12 март 2021 година остварија работна средба со претседателот на Република Северна Македонија, г. Стево Пендаровски.

- На 26 март 2021 година, претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, оствари работна средба со заменик министерот за правда, г. Агим Нухиу.

- Претседателот на Уставниот суд, г. Сали Мурати, на 29 април 2021 година оствари работна средба со заменик министерот за надворешни работи на Република Словачка, г. Мартин Клус.

- Во организација на Институтот за човекови права, на 21 мај 2021 година се одржа тркалезна маса во рамките на проектот „Уставниот суд – заштитник на владеењето на правото“, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, на која учествуваше претседателот на Судот, Сали Мурати и судиите: Насер Ајдари, Елена Гошева и Добрила Кацарска и секретарот на Судот, Александар Лазов.

  На овој настан, свои поздравни обраќања имаа претседателката на Институтот за човекови права, Маргарита Цаца Николовска, претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, министерот за правда Бојан Маричиќ и Н.Е. Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија.

Претседателот на Судот, Сали Мурати, имаше и посебно излагање на тема „Уставно-судска пракса“ за кое имаше посебна дискусија.

- На 15 јуни 2021 година, се одржа тркалезна маса на тема „Транспарентноста и соработката на Уставниот суд на Република Северна Македонија со новинарите и граѓанските организации“ во организација на Институтот за човекови права, дел од проектот „Уставниот суд – заштитник на владеењето на правото“, финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија.

На тркалезната маса, покрај претседателот на Судот, Добрила Кацарска, која имаше свое поздравно излагање на темата, учествуваа и секретарот на Судот и претставници на стручната служба, поранешни уставни судии, новинари кои ја следат работата на Уставниот суд и претставници на граѓански организации и адвокати.

На овој настан беа елаборирани актуелните состојби и предизвици поврзани со транспарентноста на Уставниот суд и соработката со граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија.

- Претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, на 28 јуни 2021 година оствари протоколарна средба со Амбасадорот на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, Н.Е. Анке Холштајн.

- Во организација на Институтот за човекови права на 16 септември 2021 година се одржа завршна конференција на тема: „Уставниот суд на Република Северна Македонија: искуства и перспективи“ поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, на која учествуваше претседателот на Судот, Добрила Кацарска, секретарот на Судот, Александар Лазов и претставници од стручната служба на Судот.

На овој настан, свои поздравни обраќања имаа претседателката на Институтот за човекови права, Маргарита Цаца Николовска, претседателот на Уставниот суд, Добрила Кацарска, заменик министерот за правда Агим Нухиу и Н.Е Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија.

- Претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, на 21 септември 2021 година оствари работна средба со амбасадорот на Француската Република во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Баумгартнер.

➢ На 28 септември 2021 година, претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, оствари работна средба со министерот за правда г. Бојан Маричиќ.

➢ Претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, на 5 октомври 2021 година оствари средба со делегација од Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори во Република Северна Македонија во 2021 година, предводена од шефицата на Мисијата, Тана Де Зулуета.

➢ На 6 октомври 2021 година претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, оствари средба со Амбасадорот на Република Италија во Република Северна Македонија, Н.Е. Андреа Силвестри.

➢ На 19 октомври 2021 година, претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, во организација на германската фондација ИРЗ учествуваше на онлајн - видео конференција, на која покрај претставникот на оваа фондација, д-р Штефан Пирнер, учествуваа и двајца експерти, д-р Винфрид Шуберт, поранешен претседател на Покраинскиот уставен суд на Саксонија-Анхалт и г-ѓа Рена Шунке, секретар на Уставниот суд на Покраината Бранденбург. На средбата беа разменети искуства во врска со нормативните решенија со кои се уредуваат прашања поврзани со постапката пред уставните судови, нивната внатрешната организација, буџетската и административната самостојност, статусот на уставните судии и на стручните служби.

➢ Претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, на 2 ноември 2021 година оствари работна средба со претставници од Здружението на новинарите која се оствари во рамките на спроведу-вањето на проектот „Зајакнување на слободата на медиумите во Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Србија“. На оваа средба, се разгова-раше за начините за унапредување на односите со јавноста на Уставниот суд и неговата транспарентност, но и со предизвиците со кои се соочува Судот во овој дел од неговото функционирање.

➢ Во рамките на Конференцијата „Ефикасен поврат на имот во согласност со европските стандарди“, која се одржа на 5 ноември 2021 година, беше остварена заедничка работна средба со претседателот на Европскиот суд за човекови права, г. Роберт Спано на која, покрај претседателката на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, присуствуваа и г.Јован Илиевски, судија во ЕСЧП, г.Абел Кампос, заменик регистрар на ЕСЧП, Агим Нухиу, заменик министер за правда и претставници на други

институции, како што се Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП и Академијата за судии и јавни обвинители.

По завршувањето на оваа средба, беше остварена посебна средба помеѓу претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска и претседателот на Европскиот суд за човекови права, г.Роберт Спано, на која беше презентирана работата и надлежностите на Судот, а посебен акцент беше ставен на заштитата на слободите и правата пред Уставниот суд.

- На 21 декември 2021 година, претседателот на Уставниот суд, г-ѓа Добрила Кацарска, во организација на германската фондација ИРЗ учествуваше на онлајн - видео конференција, на која покрај претставникот на оваа фондација, д-р Штефан Пирнер, учествуваа и двајца експерти, д-р Винфрид Шуберт, поранешен претседател на Покраинскиот уставен суд на Саксонија-Анхалт и г-ѓа Рена Шунке, секретар на Уставниот суд на Покраината Бранденбург. Оваа средба, беше продолжение на претходно одржаната во месец октомври истата година и на неа беше разговарано за одредени прашања во рамките на постапката пред Уставниот суд.

- На 30 декември 2021 година, претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, г-ѓа Добрила Кацарска, одржа Завршна прес-конференција на која беа поканети претставници од медиумите. Во оваа прилика, претседателката Кацарска изрази задоволство што за првпат после шест години, во Судот се одржува ваква прес-конференција, при што презентираше податоци од работата за оваа година, информираше за зајакнувањето на кадровските капацитети на институцијата и укажа на проблемот со неизборот на нови судии со што се загрозува функционалноста на самиот орган.

## VIII. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА

**1.** Во текот на 2021 година на седница на Судот беа донесени следниве акти коишто уредуваат прашања што се однесуваат на правата, обвеските и одговорностите од работен однос на вработените во Стручната служба на Уставниот суд:

- Правилник за внатрешна организација на Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
- Правилник за систематизација на работните места во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
- Правилник за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
- Правилник за плати на вработените во Стручната служба,

сите донесени на седницата на Судот одржана на 20 јануари 2021 година и

- Правилник за спроведување на приправнички испит, донесен на седницата одржана на 26 ноември 2021 година.

**2.** Во текот на 2021 година, Уставниот суд објави два јавни огласи за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд согласно Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

По спроведената постапка по првиот јавен оглас објавен на 24 март 2021 година, беа избрани извршители за следниве работни места:

- двајца советници на Судот за стручно-аналитички работи
- еден советник на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка
- еден советник за финансиски прашања и јавни набавки
- еден административен работник – архивар во Одделението за општи и административно-технички работи
- еден административен работник-технички секретар во Одделението за поддршка на работата на Секретарот на Судот
- еден технички работник - возач во Одделението за општи и административно-технички работи.

На вториот јавен оглас, објавен на 24 јули 2021 година, беа избрани извршители за следниве работни места:

- двајца советници на Судот за стручно-аналитички работи

- еден советник – портпарол на Судот, Советник на Судот за односи со јавност

- еден советник на Судот за информатички технологии

- еден советник за стручно-аналитичка работа во Одделението за стручно- аналитички работи, меѓународно и компаративно право

- еден административен работник за сметководство во Одделението за финансиски прашања

- еден технички секретар во Одделението – Кабинет на претседателот на Судот

- четири технички секретари во Одделението за општи и административно технички работи

- два хигиеничари во Одделението за општи и административно-технички работи

Заклучно со 31 декември 2021 година, Стручната служба во Уставниот суд, брои вкупно 40 вработени, од кои:

- секретар на Судот

- 16 советници на Судот од кои: 11 (единаесет) советници на Судот за стручно-аналитички работи, 2 (двајца) се советници на Судот за меѓународно-правни прашања и соработка, 1 (еден) советник на Судот – шеф на кабинетот на претседателот на Судот, 1 (еден) советник на Судот – портпарол и 1 (еден) советник на Судот за информатички технологии;

- 7 советници од кои: 3 (тројца) советници за стручно-аналитичка работа, 1 (еден) советник за протоколарни работи, 1 (еден) советник – лектор, 1 (еден) советник за евиденција, документација и уставно-судска практика и 1 (еден) советник за финансиски прашања и јавни набавки;

- 12 административни работници

- 4 (четири) технички работници

Со овие вработувања, Уставниот суд го испочитува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија со тоа што беа вработени 3 (тројца) Албанци, 2 (двајца) Турци и 1 (еден) Бошњак.

## IX. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.307/2020) за функционирање на Судот беа предвидени средства во висина од 47.480.000,00 денари (околу 772.033,00 евра), кои со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/2021) беа зголемени и изнесуваше вкупно 48.280.000,00 денари (околу 785.041,00 евра).

Според анализите на Уставниот суд висината на средствата коишто се определуваат со Буџетот не се доволни за нормално и непречено функционирање на Судот и потребно е нивно зголемување.

Во рамките на финансиските средства кои беа на располагање на Судот, за прв пат беше набавено и патничко возило од марката Шкода Октавиа за потребите на Судот.

За потребите на Стручната служба на Судот беа набавени и инсталирани 18 кориснички пристапи до базата на „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Поради почитување на обврските согласно Законот за работните односи, за прв пат во Уставниот суд беше инсталиран и ставен во функција систем за евиденција на работното време. Исто така, заради усогласување со последните уставни измени и со Законот за употреба на јазиците во јуни 2021 година беа променети таблите на кои е истакнат називот на органот, државниот грб и неговото седиште, лоцирани на влезот на зградата на Уставниот суд, како и на 4-ти и 5-ти спрат.

Исто така, се изведоа градежно-занаетчиски работи и се адаптираа слободните простории во нови канцеларии и се постави алуминиумска врата во Бифето на Судот.

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**Кеј Димитар Влахов бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.  +389 2 3163 063, Претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, Генерален секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**e-mail: mail@ustavensud.mk**

**Интернет: www.ustavensud.mk**

**Издавач:**

Уставен суд на Република Северна Македонија

**Редакција:**

Добрила Кацарска, Претседател

Насер Ајдари, судија

д-р Дарко Костадиновски, судија

д-р Осман Кадриу, судија

Вангелина Маркудова, судија

Александар Лазов, генерален секретар

м-р Лариса Милевска, советник

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

м-р Лариса Милевска, советник

Јаготка Гијовска, самостоен референт